**Иџет МЕМЕТИ**

# НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАШТИТАТА НА ПРИНЦИПОТ НА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

## Вовед

Принципот на еднаквост и недискриминација е основен принцип за човековите права. Истиот се применува без исклучок и важи во секое време, без можност за дерогација. Неговото значење и сериозните последици кои може да ги има неоправданиот, нееднаков третман се препознаваат и од фактот што принципот на еднаквост и недискриминација е дел од сите меѓународни документи за човекови права без исклучок.

Во вид на важноста на материјата која ја опфаќа, промовирањето, заштитата и унапредувањето на овој принцип, покрај тоа што е обврска на државата, често се доверува и на националните институции за човекови права. Ова се прави преку доверување на надлежност на една институција која ќе делува како тело за еднаквост и чие поле на делување во целост ќе произлегува од овој прин-

Авторот е народен правобранител на Република Македонија (2004 година – денес)

цип, на национална институција за човекови права која ќе го има овој принцип како дел од својот поширок мандат, или пак и на две или повеќе институции, како што е случајот во Република Македонија.

Народниот правобранител на Република Македонија (Народен правобранител) е национална институција за човекови права, основана во 1997 година со надлежност да ги штити уставните и законските права на граѓаните при повреди од страна на органите на државна управа и на оние со јавни овластувања. Народниот правобранител е и единствена институција во земјава акредитирана од Меѓународното координативно тело (МКТ) кое ја оценува усогласеноста на националните институции за човекови права со главниот меѓународен сет на стандарди кои важат за овие институции, а тоа се Парисските принципи. Една од надлежностите на институцијата Народен правобранител е и заштитата на начелото на недискриминација.

Овој труд, има за цел да направи преглед на уставната и законската основа за делувањето на Народниот правобранител во врска со еднаквоста и недискриминацијата, како и да направи преглед на активностите низ долгогодишната работа на институцијата во врска со заштитата на овој принцип, но и нејзиното делување во врска со оваа надлежност vis-à-vis другите институции со надлежности врзани за овој принцип. Трудот ја затвора оваа дискусија со кратки предлози за подобрување на рамката за делување на Народниот правобранител во врска со овој принцип, како и подобрување на условите во кои делува оваа институција, а со крајна цел подигнување на нивото на негова заштита.

За пишувањето на овој труд беа искористени податоци од законската рамка, годишните извештаи на Народниот правобранител, извештаи и други документи од меѓународните организации за работата на Народниот правобранител, како и други информации објавени на веб-страницата на оваа институција. Покрај ова, трудот содржи и лични искуства и видувања на авторот, кој ја врши функцијата Народен правобранител од 2004 година.

## 1. Местото на заштитата на принципот на еднаквост и недискриминација во надлежностите на Народниот правобранител

Работите од својата надлежност Народниот правобранител ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите на Република Македонија, како и меѓународните правни акти за човековите права и

слободи. Правната основа се црпи првенствено од Уставот, како и од ратификуваните меѓународни договори, а мандатот и надлежностите на народниот правобранител се дефинирани во Законот за народен правобранител. Уставот во членот 77 ги утврдува елементите на функционирањето на Народниот правобранител кои се однесуваат на штитење на уставните и законските права на граѓаните кога се тие повредени од органите на државната управа и други организации со јавни овластувања. Со амандманот XI се прошири мандатот и во делот на заштитата на начелата за недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Народниот правобранител го избира Собранието, со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, а за време од осум години со право на уште еден избор. Народниот правобранител посветува особено внимание за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност, па врз основа на измените на Законот за народен правобранител во 2009 година е формирано посебно одделение.

Заштитата на начелото на недискриминација од страна на Народниот правобранител е експлицитно внесена во Уставот со амандманите кои произлегоа од Охридскиот рамковен договор (2001 година), поточно со Амандманот XI. Пред овој амандман Народниот правобранител имаше надлежност за вршење заштита на уставно предвидениот принцип на еднаквост (член 9 од Уставот), но опсегот и видливоста на надлежностите на оваа институција се зголеми со Амандманот XI. Па така, уште во Годишниот извештај во 2001 година, оваа институција известува за првиот случај за заштита на правата на заедниците кои не се мнозинство.[1] Покрај ова, овој амандман е исклучително важен бидејќи со неговото усвојување Народниот правобранител доби надлежност да ја следи и да известува и за примената и заштитата на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците. Ова е важно за темата која се обработува во овој труд, бидејќи ова начело по својата природа е мерка за позитивна акција и служи како принцип за унапредување на материјалната еднаквост, во

1 Годишен извештај за работата на Народниот правобранител (2001 година), стр.5

овој случај во врска со етничката припадност или етничкото потекло на лицата (повеќе за активностите во врска со ова начело подолу во текстот).

Вака утврдената правна основа за основање на институцијата е во согласност со Париските принципи, кои предвидуваат утврдување на истата со уставен или законски текст.[2] Општите насоки од МКТ во врска со Париските принципи укажуваат на тоа дека со утврдувањето на мандатот во вакви правни акти се дава извесна гаранција за постојаноста и независноста на институцијата, како и за нејзино разликување од другите државни тела, ад-хок тела, или невладини организации.[3]

Законот за народниот правобранител поблиску ги уредува надлежноста, работењето, условите на избор и разрешување на народниот правобранител. Ваков закон за прв пат беше донесен во 1997 година. По уставните измени наведени погоре, во 2003 година беше донесен нов Закон за народен правобранител, кој до денес има претрпено една измена и дополнување (2009 година, а кои во голем дел се резултат од приспособувањето на законската рамка во врска со ратификацијата на Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура) и има една укината одредба од страна на Уставниот суд на Република Македонија (2008 година, што резултираше со намалување на основите за отфрлање на примените претставки). Според овој закон, Народниот правобранител е надлежен за преземање дејствија и мерки во рамките на своите овластувања, а заради „заштита на уставните и законските права на граѓаните или заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници кога се повредени од органите [конкретно наведени во овој закон]“.[4] Покрај ова, со измените во 2009 година, се предвиде и основање на посебно одделение за заштита од дискриминација и за правична и соодветна застапеност на граѓаните.[5]

---

2 Principles relating to the Status of National Institutions (The Paris Principles), General Assembly Resolution 48/134 of 20 December 1993, Принцип бр.2

3 International Coordinating Committee of National Institutions for the Promotion And Protection Of Human Rights, ICC SCA General Observations as adopted in Geneva in May 2013, http://nhri.ohchr.org/EN/AboutUs/ICCAccreditation/Documents/ICC%20SCA%20General%20Observations.pdf, стр.12

4 *Закон за народен правобранител,* „Службен весник на Република Македонија„ бр. 60/2003, 114/2009, чл. 11

5 Ibid, член 45

Значаен за делувањето на Народниот правобранител, во врска со начелото еднаквост и недискриминација е и Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД). Иако со овој закон се основаше посебно тело за еднаквост – Комисија за заштита од дискриминација (КЗД), истиот е важен и за работата на Народниот правобранител. Според овој закон, „во вршењето на работите од својата надлежност Комисијата соработува со Народниот правобранител за конкретни случаи на дискриминација".[6] Главната разлика во делувањето на Народниот правобранител, наспроти онаа на КЗД, е во тоа што, и покрај тоа што овој закон забранува дискриминација во јавниот и приватниот сектор, надлежностите на Народниот правобранител остануваат во уставно и законски утврденото поле на делување на оваа институција, а тоа е јавниот сектор, односно институцијата не може да постапува и по претставки кои се однесуваат за приватниот сектор.

Преклопувањето на надлежноста помеѓу овие две институции (односно заштитата во јавниот сектор) не е решено во ЗСЗД. Ваквата законска недореченост може да се толкува и како позитивна и негативна. Позитивна може да биде затоа што граѓаните може да изберат до која институција ќе се обратат. Негативна може да биде затоа што може да вроди со правна несигурност, но и затоа што, поради малото познавање на заштитата од дискриминација (повеќе за ова од наодите на Народниот правобранител подолу во текстот), може да се упатуваат претставки до Народниот правобранител за кои оваа институција не е надлежна да постапува.

## Активности на Народниот правобранител во врска со заштитата на принципот на еднаквост и недискриминација

Според законската рамка за делување, Народниот правобранител има обврска да штити од дискриминација и да ја следи и штити примената на принципот на соодветна и правична застапеност. Но, во практиката, оваа институција не застана само на мандат поврзан со заштитата. Имено, согледувајќи ја важноста од едукација и превенција, Народниот правобранител во последните десет години делува и на полето на промоција, иако за истото нема законски утврдена надлежност. Ваквата отвореност на институцијата беше

6 *Закон за спречување и заштита од дискриминација* Службен весник на Република Македонија бр. 50/10, 44/14, член 33

поздравена и од МКТ во извештајот за оценување и акредитирање на оваа институција.[7] Во вид на ова, во овој дел ќе биде направен преглед на работата на оваа институција во врска со заштитата и промоцијата на принципот еднаквост и недискриминација.

Активностите кои Народниот правобранител ги спроведува во врска со еднаквоста и недискриминацијата се следните: правна заштита, законски иницијативи, давање мислења и сугестии, изработка на посебни извештаи на конкретни прашања/во врска со конкретни групи/заштитени основи за дискриминација, кампањи и други активности за подигнување на јавната свест, соработка со други актери (меѓународни и граѓански организации, државни институции, КЗД, итн). Со цел редовно и широко запознавање на пошироката јавност за активностите на оваа институција, за конкретни прашања од практиката, итн, оваа институција редовно известува и алармира и преку медиумите. Тука не смее да се изостави и значајноста на самиот Годишен извештај кој Народниот правобранител го поднесува до Собранието на Република Македонија. Покрај тоа на ваков начин институцијата покажува почитување кон владеењето на правото, отчетноста и транспарентноста. Годишниот извештај е важен и како средство за подигнување на јавната свест. Имено, за секое поднесување на овој извештај Народниот правобранител организира и средби со медиумите, на кои ги нагласува главните наоди од ситуацијата со човековите права во Македонија за годината за која известува, дел од што е и еднаквоста и недискриминацијата. Преку Годишниот извештај се информира Собранието за степенот на обезбедување почитување, унапредување и заштита на уставните и законските права на граѓаните и за почитувањето на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

***Правна заштита***

Со постапката за заштита од дискриминација и нееднаков третман пред Народниот правобранител, оваа институција им овозможува на граѓаните да добијат заштита од дискриминација во случај на постоење на нееднаков третман. Постапката пред Народниот правобранител е бесплатна и споредено со другите механизми кои им се на

7 International Coordinating Committee of National Institutions for the Promotion And Protection Of Human Rights - Report and Recommendations of the Session of the Sub-Committee on Accreditation (SCA) Geneva, 25 – 28 October 2011. http://nhri.ohchr.org/EN/AboutUs/ICCAccreditation/Documents/SCA%20REPORT%20OCTOBER%202011%20-%20FINAL%20(with%20annexes).pdf

располагање на граѓаните, значително побрза постапка за заштита. Иако препораките на Народниот правобранител не се правно-обврзувачки, институциите до кои Народниот правобранител се обраќа, во најголем дел постапуваат по укажувањата и ги отстрануваат повредите или пречките за реализирање на правата.

Сепак, и покрај предностите во постапката пред ова тело, случаите на дискриминација остануваат процентуално најмалку застапени случаи, процесирани од оваа институција. Приказ на бројот на случаи во последните пет години е даден во табелата број 1, подолу во текстот. Во 2013 година во делот на недискриминацијата и соодветната и правичната застапеност беа примени 51 претставка, односно 19 повеќе од минатата година. Најголем број од овие претставки, односно 26 се однесуваа на дискриминација по етничка припадност. Бројот на поднесени претставки по основ на дискриминација претставува 1,35% од вкупниот број на поднесени случаи до оваа институција за 2013 година.

Споредбено со претходните години, во 2013 година значително беше зголемен бројот на граѓаните кои беа согласни Народниот правобранител нивните поплаки да ги истражува како дискриминација, што укажува на тоа дека граѓаните сè повеќе се охрабрени да се борат против дискриминацијата.

**Табела бр.1:** Застапеност на случаите на дискриминација во практиката на Народниот правобранител по години, број на случаи на дискриминација и процент од вкупниот број на случаи

| **Година** | **Број на претставки на дискриминација**[8] | **Процент од вкупниот број на случаи** |
|---|---|---|
| 2013 | 51 | 1,35% |
| 2012 | 32 | 0.74% |
| 2011 | 42 | 0.99% |
| 2010 | 16 | 0.40% |
| 2009 | 20 | 0.55% |

*Извор: годишните извештаи на Народниот правобранител за годините 2009-2013*

8 За годините 2010 и 2009, бројките се однесуваат на дискриминација и соодветна и правична застапеност.

Уште една тенденција што се повторува и во 2013 година е врзана за основите за дискриминација на кои граѓаните се повикуваат во случаите доставени до Народниот правобранител, како и областите на дискриминација во кои се бара заштита. Имено, најзастапената основа продолжува да биде етничката припадност, а најзастапената област – вработувањето. Во 2013 година од вкупниот број на претставки за дискриминација најголем број, или 26 претставки се однесуваа на дискриминација по етничка припадност.

**Табела бр.2:** Најзастапена основа за дискриминација и област во случаите кои ги процесирал Народниот правобранител по години

| Година | Основ и област |
|---|---|
| 2013 | Етничка припадност |
| 2012 | Етничка припадност; вработување |
| 2011 | Етничка припадност (со карактеристичен пораст на случаите врз основ на политичка припадност); вработување |
| 2010 | Етничка припадност; вработување |
| 2009 | Етничка припадност; вработување |

*Извор: годишните извештаи на Народниот правобранител за годините 2009-2013*

Карактеристични случаи кои беа забележани во 2013 година беа случаите на поголем број Роми на кои не им било дозволено да ја напуштат државата под претпоставка дека се работи за „лажни азиланти”. Дел од поплаките се однесуваа и за случаи кога граѓаните припадници на ромската заедница согласно Договорот за преминување на државните граници меѓу Република Македонија и Република Србија со лична карта, сакале да заминат во Србија каде имаат роднини и семејства (дел од нив се родени во соседна Србија и поседуваат двојно државјанство), но сепак не им било овозможено да патуваат и се вратени од граничните премини со постојано барање за доставување на дополнителна документација. Народниот правобранител во дел од предметите по кои постапуваше, констатираше дека граѓаните ги исполнувале условите кои се предвидени со Законот за гранична контрола („Службен весник“ на РМ бр.171/10) и подзаконската регулатива која произлегува од именуваниот закон и Шенгенскиот граничен кодекс, но сепак не им бил допуштен излез од државата.

Во оваа насока, Народниот правобранител достави Информации до министерот за внатрешни работи и до Владата на Република Македонија, во кои посочи на задолжителноста од примена на домашните и меѓународните стандарди во однос на гарантирањето на правото на слободно движење и забраната од дискриминација по кој било основ. Народниот правобранител во Информацијата до Владата посочи дека е потребно ова прашање да се разгледа на повисоко ниво и да се преземат мерки согласно надлежностите на Владата на Република Македонија за надминување на оваа појава, со која исклучително граѓаните од ромската етничка заедница се ставени во нерамноправна положба во однос на останатите граѓани кои патуваат преку граничните премини на Република Македонија, затоа што не сите Роми кои сакаат да излезат од државата се потенцијални баратели на азил.

Во 2013 година Народниот правобранител утврди дека и лицата кои се глуви и наглуви се соочуваат со тешкотии во остварување на правата, особено во однос на употребата на знаковниот јазик и се соочуваат со недоволен број на обучени преведувачи и толкувачи на знаковниот јазик. За наведеното го информира Министерството за труд и социјална политика, укажувајќи дека треба да се заложи за вклучување, унапредување и целосно уживање на човекови слободи и права, почитување на достоинството на овие лица, без дискриминација врз основа на инвалидност.

***Посебни извештаи***

Значаен дел од работата на Народниот правобранител е изработката на посебни извештаи за состојбата со некое конкретно право или пак за состојбата на конкретна група/заштитена основа за дискриминација. Народниот правобранител има изработено голем број на вакви извештаи,[9] од кои тука ќе бидат издвоени оние кои се фокусирани на заштитата на принципот еднаквост и недискриминација, и тоа за: начелото за соодветна и правична застапеност, родовата еднаквост на работните места во јавниот сектор, примената на принципот за недискриминација во врска со имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето, и образованието на децата со попреченост (и застапеност на децата Роми во посебните училишта).

9 Посебните извештаи изработени од Народниот правобранител може да се најдат на веб-страницата на оваа институција на следнава веб-локација: http://www.ombudsman.mk/MK/posebni_izveshtai.aspx

Во однос на еднаквоста и напредокот на Република Македонија кон материјална еднаквост во врска со застапеноста на заедниците во јавниот сектор, што е еден од столбовите на темелните измени кои настанаа во земјава со Охридскиот рамковен договор, Народниот правобранител ја следи примената и го заштитува начелото на соодветна и правична застапеност. Покрај во годишните извештаи, Народниот правобранител редовно известува за ова прашање и преку објавување на посебни извештаи за секоја календарска година. Во извештаите од последниве пет години, се забележува постојан пораст на застапеноста на сите етнички заедници со мали исклучоци. Табелата број 3 дава преглед на застапеноста по години.

**Табела бр.3:** Соодветна и правична застапеност на етничките заедници

| Година | Вкупен број на вработени | Македонци % | Албанци % | Турци % | Роми % | Срби % | Власи % | Бошњаци % | Други % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 108078 | 75,3 | 18,1 | 1,8 | 1.3 | 1.6 | 0.7 | 0.4 | 0,8 |
| 2012 | 107336 | 75.2 | 17.8 | 2 | 1.3 | 1.6 | 0.7 | 0.5 | 1 |
| 2011 | 102103 | 76.3 | 17.2 | 1.7 | 1.3 | 1.6 | 0.7 | 0.4 | 0.9 |
| 2010 | 82555 | 77.23 | 16.92 | 1.62 | 0.70 | 1.59 | 0.69 | 0.31 | 0.94 |
| 2009 | 69148 | 79.92 | 14.05 | 1.29 | 0.80 | 1.88 | 0.76 | 0.37 | 0.93 |

*Извор: Извештај на Народниот правобранител за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2012 година, Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2013 година*

Следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност Народниот правобранител го врши преку испраќање барања до сите институции кои се обврзани да постапуваат според ова начело.

Бројот на барања кои Народниот правобранител ги испраќа се зголемуваат секоја година[10]. Од добиените податоци во 2013 година

10 Во 2013 година бројот на институции се намали односно согласно членот 16 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, кон Општината Кичево се припоија четири општини, и тоа: Вранештица, Другово, Осломеј и Зајас. Исто така, јавни претпријатија и други институции на локално ниво со престанокот на општините се припоија кон соодветните постојни институции на Општина Кичево, но бројот на вработените покажува зголемување согласно добиените податоци.

беше заклучено дека постои одреден напредок во имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност, но сепак во одделни институции недоволно е применето и спроведено ова начело, при што е карактеристично кога се анализираат податоците за застапеноста на припадниците на помалобројните заедници, како и кај раководните работни места.

Покрај посебните извештаи за соодветната и правична застапеност, Народниот правобранител редовно изготвува извештаи и за други прашања кои спаѓаат во рамки на надлежноста на оваа институција. Така, и во 2013 година, Народниот правобранител посвети особено внимание на родовата еднаквост на работните места во јавниот сектор. Во рамките на истражувањето кое го спроведе оваа институција, ја разгледуваше половата застапеност според видот на работното место.

**Табела бр.4:** Полова застапеност според вид на работно место

| | Вкупно вработени | | Вработени по пол | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Машки | | Женски | |
| | # | % | # | % | # | % |
| Вработени во органот | 108 036 | 100 | 56363 | 52,17% | 51673 | 47,83% |
| Раководни работни места | 9694 | | 5353 | 55,22% | 4341 | 44,78% |
| Нераководни работни места | 98342 | | 51010 | 51,87% | 47332 | 48,13% |

*Извор: Годишен извештај на Народниот правобранител за 2013 година*

Како што може да се види од табелата број 4, истражувањето покажа дека од вкупниот број 108.036 вработени во институциите 56.363 се мажи (52,17%), а 51.673 (47,83%) се жени. Во однос на раководните работни места од табеларниот приказ констатација е дека застапеноста на женскиот пол на раководни работни места во институциите изнесува 4.341 (44,78%), додека застапеноста на машкиот пол изнесува 5.353 (55,22%). Сличен е и соодносот кај нераководните работни места, каде што застапеноста на женскиот пол изнесува 47.332 (48,13%), додека застапеноста на машкиот пол изнесува 51.010 (51,87%).

Од разгледувањето на недискриминацијата на децата, која била предмет на посебните извештаи на Народниот правобранител, тука би ги издвоиле забелешките од извештајот за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето (КПД), а кои се однесуваат на недискриминацијата, и извештаите за образованието на децата со

попреченост, со информации и за застапеноста на децата Роми меѓу учениците во посебните училишта.

Преточувајќи ги наодите и искуствата од петгодишно следење на правата на детето преку посебното одделение за заштита на правата на детето, Народниот правобранител изработи извештај за имплементацијата на КПД во периодот 2000-2005, кој беше објавен во 2007 година. Бидејќи недискриминацијата е еден од столбовите на кои почива заштитата на правата на детето, во овој извештај се посветува значително внимание и на ова прашање. Во овој извештај, институцијата нагласува дека, и покрај формално-правната еднаквост на децата, дел од децата и натаму трпат нееднаков третман поради сиромаштијата и невработеноста на нивните родители,[11] што се рефлектира особено во нивното образование и здравствена заштита. Имено, во овој извештај за состојбите заклучно со 2005 година, и покрај уставната гаранција и генералното гледање дека основното образование е бесплатно, оваа институција уште тогаш го нотира постоењето на голем број дополнителни трошоци (на пример, за учебници, училишни помагала, ужинка и други давачки како на пример, за искршени прозори, оштетен мебел, во одделни случаи и за одржување на училиштата, за набавка на ученички книшки и сведителства, за облека, обувки, училишен прибор[12]) кои за дел од семејствата претставуваат голем товар, поради што тие се решаваат да не ги праќаат децата во училиште. Сиромаштијата и невработеноста претставувале главен фактор и за неможноста на дел од овие семејства да ги платат и потребните партиципации за користење на здравствени услуги, поради што дел од децата не можат да го реализираат своето право на здравствена заштита. По повеќегодишни напори, Народниот правобранител успеа во (тогаш) новиот Закон за здравствената заштита да се предвиди целосно ослободување на сите деца од секаков вид партиципација за користење здравствена заштита кај матичниот лекар, односно во примарната здравствена заштита, за итна медицинска помош на повик и за ортопедски помагала, протези и санитарни материјали изработени од стандардни материјали, како

11 Доколку се погледнат годишните извештаи на Народниот правобранител, ќе се види дека институцијата алармирала до надлежните за продолжувањето на ваквата состојба.

12 Извештај на Народниот правобранител за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето и протоколите кон конвенцијата 2000-2005 (октомври, 2007г.), стр.4-5

и други посебни поволности за реализирањето на правото на еднаков пристап до здравствена заштита за определени групи на деца.[13] Исто така, Народниот правобранител водеше и повеќегодишна битка низ институциите за еднаков пристап до социјална заштита на децата од многудетните семејства, како и за зајакнување на социјалната заштита на децата на улица и децата жртви на трговија со луѓе, како и посебни мерки за заштита на децата со попреченост. Во вид на ваквата состојба, во овој извештај од 2007 година, Народниот правобранител предложи „да се предвиди задолжителна законска обврска за сите органи, институции и поединци при донесувањето одлуки и преземањето какви било активности што се однесуваат на децата, да се почитува начелото на недискриминација на детето по кој било основ, а тоа се очекува да се постигне со донесувањето на посебен Закон за недискриминација; да се предвидат и казнени мерки за сите органи, институции и поединци што вршат дискриминација на децата по кој било основ."[14] Денес ваков закон е донесен - ЗСЗД, па Народниот правобранител работи со релевантните субјекти на негова доследна имплементација – потреба што ја има забележано и во своите годишни извештаи.[15]

Народниот правобранител редовно ја следи и дава препораки во врска со состојбата со образованието на децата со попречености во посебните училишта. Во последниот Извештај, Народниот правобранител констатирал дека бројот на запишани ученици во овие училишта опаѓа (споредено со 2010 година), но дека бројот на ученици Роми е се уште значителен. Имено, 24.56% од вкупниот број на ученици во овие училишта се Роми, при што исклучително е висок бројот во дел од училиштата (види Табела бр.5). Иако нема ниту едно дете запишано без соодветен документ издаден од надлежен орган, забележително е дека поголемиот дел од децата Роми запишани во овие училишта се со лесна попреченост во развојот и со едукативна запоставеност. И покрај големиот број на ученици Роми, во овие

13 Ibid. стр.5

14 Ibid. стр.8

15 Види, на пример, Годишен извештај за работата на Народниот правобранител (2012 година): „Постапувањето по претставките покажа дека се потребни поголеми активности од сите субјекти за почитување на основните принципи за недискриминација, најдобриот интерес и учеството на децата и за нивно доследно и целосно имплементирање во практиката при остварувањето и заштитата на детските права." стр.74

училишта нема ниту еден вработен наставен кадар од Ромската заедница.[16]

**Табела бр.5:** Процент на деца Роми од вкупниот број на ученици во сите и во училиштата со најголем процент на застапеност

| Училиште | % на деца Роми од вкупниот број на ученици |
|---|---|
| Сите училишта | 24.56% |
| ДСУ„Искра“-Штип | 41,17% |
| ДСУ „Св.Наум Охридски“-Скопје | 35,94% |
| ПОУ „Маца Ѓорѓиева Овчарова“-Велес | 32,81% |
| ПОУ „Д-р.Златан Сремец“ | 16.67% |

*Извор: Информација за состојбата со вклученоста на децата со посебни потреби во основните и средните посебни училишта, Народен правобранител (2014 година)*

Задржувањето на децата во образовниот процес и нивниот напредок не се следи, односно „училиштата не располагаат со податоци за децата кои посетувале настава во посебното училиште, а кои сега не се во овие училишта дали се опфатени во редовниот образовен процес.“[17] Покрај ова, Народниот правобранител утврди и потреба од изработка на посебни учебници кои би биле приспособени на потребите на овие деца, но и потреба од поголема соработка меѓу родителите, училиштата и здравствените установи, задолжени за издавање на наодите и мислењата за попреченоста на децата. За крај, Народниот правобранител забележува и дека има појава на осипување, односно незавршување на образованието, која е особено забележлива кај „учeничките од албанска и ромска етничка заедница, најчесто заради стапување во брак.“[18]

Следствено на ваквата состојба, Народниот правобранител ги даде следните препораки:[19]

16 Информација за состојбата со вклученоста на децата со посебни потреби во основните и средните посебни училишта, Народен правобранител (2014 година), стр.19

17 Ibid. стр.19

18 Ibid.

19 Сите информации за овој дел на трудот се земени од: Информација за состојбата со вклученоста на децата со посебни потреби во основните и средните посебни училишта, Народен правобранител (2014 година), стр.19-20

**- Издавање на наод и мислење од надлежен орган:** потребни се суштински промени по однос на составот на комисијата и соработката со училиштата, не само при запишувањето, туку и при следењето на напредокот и развојот на детето. Со цел спречување на можноста за издавање на наод кој не соодветствува со реалната состојба на детето, Народниот правобранител препорача измена на Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој. Заради постојните сомневања во издадените наоди за попреченоста на децата од ромска етничка заедница и за елиминирање на непознавањето на македонскиот јазик како причина за нивна категоризација како деца со посебни потреби, Народниот правобранител воедно препорача да се разгледа можноста при утврдување на попреченоста на децата да присуствува/аат претставник/ици од етничката заедница на која припаѓа детето, односно кој/а го познава јазикот на кој комуницира детето. Податоците за децата кои веќе не се опфатени во ова образование потребно е да се ажурираат редовно, со цел полесно проверување дали се или не се опфатени во редовниот образовен процес.

**- Учебници и други наставни помагала:** Потребно е да се обезбедат учебници за настава во посебните основни и средни училишта кои ќе одговорат на потребите на овие ученици и ќе им помогнат да го развијат својот полн потенцијал.

**- Соработка:** Училиштата, комисиите, здравствените установи и родителите треба да работат на подигнување на нивото на соработката. Потребно е да се воспостави соработка меѓу училиштата и комисиите кои ги издаваат наодите и мислењата и почитување на препораките на стручните тимови од посебните училишта за степенот и промените на состојбата на децата. Народниот правобранител исто така препорача да се преземат мерки за подобрување на соработката и заедничкото превентивно дејствување на посебните училишта со другите установи (особено центрите за социјална работа), како и нивна заедничка работа на подигањето на свеста на родителите (вклучително и за штетноста на малолетничките бракови).

**- Еднаквоста во самите институции и во процедурите:** При уписот на децата во училиште, треба да се бараат исти документи за сите деца без оглед на етничката припадност. Исто така, потребно е вработување на наставен кадар во училиштата од различна етничка припадност, согласно етничката припадност на децата во училиштето.

***Извештаи на Националниот превентивен механизам (НПМ)***

Народниот правобранител во 2008 година со ратификацијата на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура беше назначен за Национален превентивен механизам (НПМ) кој преку превентивни посети во местата на лишување од слобода, давање препораки, како и иницијативи за нацрт и законски текстови влијае директно или индиректно во заштитата на правата на лицата лишени од слобода. Во насока на целосно остварување на правата на лицата лишени од слобода во извештајот кој годишно го подготвува и дистрибуира Народниот правобранител - Национален превентивен механизам беа опфатени и прашањата за еднаков третман и дискриминација во местата на лишување од слобода. Во годишниот извештај на Националниот превентивен механизам за 2012 година содржан е посебен тематски дел за постапувањето со ранливите категории на лица лишени од слобода.[20] Меѓу другото, во извештајот се потенцира дека лицата од ромска етничка припадност не се доволно заштитени од дискриминација која се врши од други лица лишени од слобода сместени во казнено –поправните установи, но и од службите кои работат во овие институции. Можноста од дискриминација беше утврдена и во делот на постапување со корисници на наркотични средства кои во еден од казнено-поправните установи се целосно издвоени (сегрегирани) и сместени во полоши услови од останатите осудени лица. Народниот правобранител во делот на превенција од тортура и друг вид на сурово или нехумано постапување во својот годишен извештај за 2012 година извести и за крајно понижувачки и нечовечни услови во кои се сместуваат лица со попреченост, односно истите се сместуваат во полоши услови, споредено со другите осудени лица што може да претставува основ за нивна дискриминација поради постоење на фактично нееднакво постапување. Во таа насока Народниот правобранител побара при сместувањето на осудени лица со попреченост, да биде почитувано начелото на „разумно прилагодување“ утврдено во Конвенцијата за права на лица со попреченост, што подразбира неопходна и соодветна модификација и приспособување, не предизвикувајќи непропорционален и несоодветен товар, доколку е неопходно во одреден случај, за да им се обезбеди на лицата со инвалидност да ги уживаат или остваруваат човековите права и основните слободи на еднаква основа со другите.

20 Види Годишен извештај на национален превентивен механизам за 2012 година

***Законски иницијативи***

Следејќи ја примената на принципот еднаквост и недискриминација, Народниот правобранител во повеќе наврати низ годините препорачуваше измени и даваше предлози за конкретни измени на законската рамка, но и побара оценување на уставноста и законитоста на правни акти и одредби.

Целосен и детален преглед на сите вакви иницијативи на Народниот правобранител не е можно да се направи во овој труд, поради ограничениот простор.[21] Затоа, тука би ја издвоил последната законска инцијатива поднесена во декември 2013 година, која се однесува на предлогот кој оваа институција го поднесе до Уставниот суд на Република Македонија за оценување на уставноста и законитоста на членот од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување кој се однесува на обврската на невработените лица кои се здравствено осигурени на основ на невработеност, да поднесуваат годишно изјави за остварените приходи во претходната година, како услов за остварување на ова право.[22]

Имено, Народниот правобранител постапката ја поведе откако прими претставка од здружението „Рома С.О.С.“ – Прилеп за последиците во пракса предизвикани од примената на оваа одредба, односно губењето на статусот здравствен осигуреник/чка. Институцијата утврди дека, и покрај постоењето на Одлука на Уставниот суд од 2012 година со која се укинува претходно постоечка одредба со која била воведена обврската за поднесување на вакви изјави, законодавецот во 2013 година донел нова одредба со која повторно се воведува истата обврска. Засновајќи го предлогот, помеѓу другото, и на членот 9 од Уставот (кој го прокламира принципот на еднаквост на граѓаните), како и на членот 54 (ограничувањата на правата не може да се прават на дискриминаторски начин), Народниот правобранител во 2013 година побара поведување на постапката како што е наведено погоре, а по спроведувањето на постапката и нејзино поништување или укинување.

---

21 Детални информации за сите активности има на страната на Народниот правобранител и во сите годишни извештаи.

22 *Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување*, Службен весник на Република Македонија бр. 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/2010, 53/2011, 185/11,44/12 и 15/2013, чл. 10-а став 5 и член 10-б став 1

***Мислења и сугестии***

Во рамки на своите законски надлежности, Народниот правобранител испраќа мислења и сугестии по прашања од делокругот и во рамки на неговите надлежности. Тука би издвоил вакви две активности од 2013 година, едната на национално и едната на меѓународно ниво, и тоа: мислењето испратено по однос на измените на Законот за работни односи, а во врска со заштита за жените со патолошка бременост без дискриминација, и извештајот кој Народниот правобранител го приложи за вториот круг на универзалното периодично разгледување (УПР) на Република Македонија пред Советот за човекови права.

Во рамки на своите надлежности, Народниот правобранител им укажа на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, и Фондот за здравствено осигурување дека предложените измени на Законот за работни односи кои се однесуваат на траењето на породилното отсуство, и на времето на активирање на правото на користење на породилно отсуство, во случаите на патолошка бременост, не овозможуваат заштита од ризик по бременоста, што е всушност целта на определувањето на рокови од кога и кога најдоцна може бремената жена да го користи ова отсуство, но исто така и дека законските одредби воопшто не ја земаат предвид посебната состојба на бременоста поради која овие жени може да бидат принудени да користат повеќе отсуство со што ќе може да добиваат само 70% од платата, а што ќе се рефлектира и врз нивното пензиско осигурување. Имено, Народниот правобранител им укажа на овие институции дека законската рамка воопшто не ја зема предвид ваквата посебна здравствена состојба на овие жени, и дека со тоа ги става овие бремени работнички во нееднаква положба со другите. Покрај ова, Народниот правобранител ја истакна и недоследноста во законските акти која се гледа во тоа што посебната здравствена состојба на овие жени која се карактеризира со зголемена можноста за раѓање на мртво дете, индиректно е препознаена од законодавецот како особено тешка состојба со фактот што според истиот закон се дава можност за продолжено отсуство заради закрепнување од губењето на детето. Затоа, во ова мислење на погоре наведените надлежни институции им беше поставено прашањето „дали не треба да се превенира состојба од ризик да не се изгуби плодот односно да се одржи бременоста или пак да ѝ се признава на бремената жена право на продолжување на отсуството заради закрепнување од состојбата поради губење на детето?“.[23]

Народниот правобранител поднесе извештај за вториот круг на универзалното периодично разгледување (УПР) на Македонија пред

Советот за човекови права на ООН. Имено, Советот за човекови права во врска со постапката за УПР, не само што им овозможува туку и ги охрабрува националните институции за човекови права да испратат информација до ова тело во рамки на овој процес. Користејќи ја оваа можност да информира за состојбите со човековите права во земјава, но и да ги поднесе своите предлози на усвојување до Работната група за Македонија кои земјата потоа ќе треба да ги спроведе до наредниот преглед и за истите да извести, Народниот правобранител учествуваше со свој придонес во овој процес. Во својот придонес, Народниот правобранител се задржа на: ратификацијата на меѓународните документи за човекови права и имплементацијата на истите на домашно ниво; основањето/акредитирањето на национална институција за човекови права според Париските принципи; постапувањето по сите препораки во врска со тортурата и нечовечкото постапување и казнување, како и состојбата во казнено-поправните установи, вклучително и притворските одделенија; зајакнувањето на законската рамка и примената на антидискриминационото законодавство, вклучително и за состојбите во практиката со родовата еднаквост.[24]

***Подигнување на јавната свест***

Препознавајќи ја важноста на превенцијата и едукацијата во врска со човековите права, и покрај тоа што законски нема изречно даден мандат за промотивни активности, Народниот правобранител редовно спроведува вакви активности во рамки на можностите кои ги има, а поради ресурсите кои му се на располагање. Покрај оранизацијата и учеството на голем број конференции, работни маси, работнилници, обуки, како и објавувањето на весникот на Народниот правобранител, оваа институција спроведува и други активности за подигнувањето на јавната свест.

Во 2012 година, во организација на Народниот правобранител се подготви и неколку пати беше изведена театарската претстава „Исти на различен начин“. Целта на театарската претстава беше да ги

---

23 Мислење на Народниот правобранител до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/documents/2013/Mislenje%20za%20Patoloshka%20bremenost%2027.02.2013%20Mkd.pdf

24 Мислење на Народниот правобранител по однос на универзалниот периодичен преглед (УПР) на Обединети нации за Република Македонија и степен на спроведени препораки до 2013 година. Достапно на: http://www.ombudsman.mk/upload/documents/2013/Mislenje%20UPP-ON-mk.pdf

доближи до публиката најчестите облици на дискриминација, со цел да им помогне во нејзиното препознавање – еден од главните фактори кои влијаат на малиот број на пријавени случаи на дискриминација. Покрај ова, во соработка со медиум на национално ниво беше организирана директна контактна емисија, во која граѓаните можеа да се информираат за различни прашања поврзани со дискриминацијата поставувајќи и прашања. Во емисијата исто така беше издвоен дел каде беа презентирани најчестите облици на дискриминација и како таа може да се препознае.

Покрај овие интерактивни активности за подигнување на јавната свест, Народниот правобранител подготви и флаер на седум јазици, како и брошура „Во заштита од дискриминација“. Целта на брошурата беше да се доближат до граѓаните основните поими, облици и механизмите за заштита од дискриминација, но и меѓународната и домашната рамка за заштита од дискриминација.

Истовремено, во 2013 година, Народниот правобранител продолжи со промотивни активности, со цел запознавање на децата со нивните права и надлежностите кои ги има институцијата во поглед на нивна заштита меѓу кои и заштитата од дискриминација[25]. Во 2013 година беа посетени 63 училишта , од кои 39 основни и 28 средни училишта и разговараше со над 2400 ученици од различна етничка припадност (Македонци, Албанци,Турци, Роми) кои покажале интерес за учество на едукативно-информативните средби со претставниците на Народниот правобранител. Во училиштата со мешан етнички состав посебно беше разговарано за правото на заштита од дискриминација, односно што е дискриминација, формите на дискриминација и како да побараат заштита во случај на дискриминација. Исто така се разговараше за заштита на правата на помалите етнички заедници и негувањето на соживотот и толеранцијата и практикување на разговор за надминување на недоразбирањата наместо насилството и физичките пресметки меѓу врсниците во рамките на едно или помеѓу училиштата.

Покрај националните активности посветени на борбата против дискриминацијата Народниот правобранител беше активен и на меѓународен план, па во таа насока значајно е да се спомене одржувањето на Регионалната Конференција во септември 2013, година на тема „Особени предизвици со претставките за дискриминација по основ на етничка припадност – размена на искуства на практичарите од

25 Информација за спроведени посети и едукација на децата во основните и средни училишта (2013)

регионот", во организација на ОБСЕ/ОДИХР. На конференцијата на која учествуваа претставници на омбудсман канцелариите од регионот (Албанија, Косово, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина) се зборуваше на темите „Компаративен преглед на законодавството поврзано со антидискриминацијата во Југосточна Европа", како и за „Типологијата на случаите за дискриминација по основ на етничка припадност кои се поднесени пред надлежните тела за дискриминација во Југоисточна Европа".

***Соработка со други актери***

Уште од нејзиното основање, институцијата Народен правобранител прави големи напори на остварување, одржување и зајакнување на соработката со сите актери кои работат на прашања поврзани со човековите права, како на домашно така и на меѓународно ниво. Народниот правобранител е членка на Интернационалниот Омбудсман Институт-ИОИ, Европскиот Омбудсман Институт-ЕОИ, Асоцијацијата на омбудсмани и медијатори од Франкофонијата, и на Асоцијацијата на омбудсмани од Медитеранот.

Детските права и заштитата на детето беа во фокусот на интересот на Народниот правобранител и во 2013 година. Како член на регионалната мрежа на правобранители за деца - CRONSEE и со поддршка на Save the Children, Народниот правобранител учествуваше на две регионални работни средби за превенција на детето од експлоатација и за заштита на децата во судир со Законот.

Народниот правобранител ја прошири својата активност на полето на заштита на човековите права и слободи со вмрежување во уште една асоцијација, односно во Европската мрежа на национални институции за човекови права (ENNHRI) која официјално е формирана во 2013 година. На средбите кои се одржаа во рамките на оваа мрежа се дискутираше на теми за меѓусебна соработка по однос на правата на ранливите групи-мигрантите, Ромите, ЛГБТ популацијата, како и за начинот на работа по предмети и соработката со меѓународните тела за заштита на човековите права и слободи. Исто така, Народниот правобранител е активен и во делот на антидискриминацијата со учество на редовниот собир на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI).

Во рамки на своите надлежности и можности, Народниот правобранител се труди да биде присутен и да се вклучи и во глобалните процеси во врска со човековите права. Така, во 2013 година оваа институција учествуваше во процесот на УПР на Република Македонија

пред Советот за човекови права на ООН.

Покрај ова, неразделен дел од работата на Народниот правобранител е и соработката со државните институции и со граѓанскиот сектор. Народниот правобранител одржува редовна интеракција со државните институции кои се од значење за прашањата што Народниот правобранител ги опфаќа во својата работа. Покрај тоа, оваа институција редовно учествува и ги поддржува активностите на граѓанските организации за прашања кои спаѓаат во опсегот на неговите надлежности.

Работата на Народниот правобранител е редовно поддржана и преку соработката со донаторите, кои покрај техничка, обезбедуваат и финансиска поддршка. Дел од донаторите со кои Народниот правобранител во последно време работел се: Шведската агенција СИДА, Европската Унија (твининг проекти), ОБСЕ – Мисијата во Скопје, Холандската амбасада, итн.

## Наместо заклучок: Предизвици за работата на Народниот правобранител во врска со заштитата, следењето и промоцијата на принципот на еднаквост и недискриминација

Човековите права се основата на демократијата, предуслов за толеранцијата, но и влог за подобра иднина во која сите ќе можат да живеат достоинствен живот без дискриминација и да го реализираат својот потенцијал. Стожерниот принцип на еднаквост и недискриминација е основен предуслов за ваква иднина. Неговото нормирање и примена во пракса е показател за толерантноста, сензитивноста и рецептивноста на општеството по однос на различностите, но и спремност на општеството да одговори на потребите на секоја индивидуа и да создаде услови за еднакво почитување, заштитување и унапредување на правата на сите лица, без разлика на пол, род, етничка припадност, возраст, попреченост, сексуална ориентација, личен или општествен статус, социјален статус, економски статус, родов идентитет или родова експресија, или која било друга лична карактеристика или статус.

Поради фундаменталното значење на овој принцип, Народниот правобранител низ својата практика, низ годините делува во насока на обезбедување на подобри услови за целосна примена во пракса на овој принцип, за заштита во случаите на дискриминација во рамки на своите надлежности, но и да делува превентивно, со цел градење на култура на еднаквост, недискриминација и прифаќање на разликите.

Дел од активностите кои оваа институција ги спровела низ годините во врска со овој принцип беа предмет на приказ во овој труд. Народниот правобранител ќе продолжи понатаму да работи на заштитувањето, применувањето и унапредувањето на овој принцип.

Со цел подобрување на условите за делување на Народниот правобранител во оваа област, како особено важни се истакнуваат следниве точки за подобрување на законската, институционалната рамка и условите за делување на оваа институција:

- Законско утврдување на надлежноста за спроведување на промотивни активности, која Народниот правобранител веќе ја практикува повеќе години, со што ќе и се овозможи на оваа институција и по закон да делува кон унапредување на принципот на еднаквост и недискриминација;

- Обезбедување на дополнителни ресурси за зајакнување на можностите за делување на оваа институција, според сегашните надлежности, кои ќе треба и дополнително да се зголемат доколку се зголемат и промотивните активности;

- Хармонизација на домашната законска рамка по однос на прашањата со кои се уредува заштитата од дискриминација, вклучително и прочистување на истата од дискриминаторски одредби кои може директно или индиректно да ги доведат во нееднаква положба граѓаните и другите лица;

- Подобрување на законската рамка по однос на преклопувањето на надлежностите помеѓу Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација, а во насока на понатамошно зајакнување на правната сигурност во државата;

- Зголемување на напорите и одговорноста во врска со известувањето кон Народниот правобранител од страна на сите институции задолжени за примена на принципот на соодветна и правична застапеност, како принцип кој води кон материјална еднаквост на сите граѓани без разлика на нивното етничко потекло;

- Спроведување на обуки за вработените во институциите за заштита од дискриминација, како и едукативни кампањи за јакнење на свеста на граѓаните за доследна примена на стандардите за еднаквост, толеранција и почитување на различностите.

Со спроведување на овие препораки, кои произлегуваат од праксата на Народниот правобранител, оваа институција ќе може значително да го олесни и подобри своето делување во врска со заштитата, следењето и унапредувањето на принципот еднаквост и недискриминација.

**Резиме**

Човековите права се основата на демократијата, предуслов за толеранцијата, но и влог за подобра иднина во која сите ќе можат да живеат достоинствен живот без дискриминација и да го реализираат својот полн потенцијал. Стожерниот принцип на еднаквост и недискриминација е основниот предуслов за ваква иднина. Неговото нормирање и примена во практика е показател за толерантноста, сензитивноста и рецептивноста на општеството во однос на различностите, но и за спремноста на општеството да одговори на потребите на секој поединец и да создаде услови за еднакво почитување, заштитување и унапредување на правата на сите лица, без разлика на полот, родот, етничката припадност, возраста, попреченоста или која било друга лична карактеристика или статус. Поради фундаменталното значење на овој принцип, Народниот правобранител низ својата практика, низ годините делува во насока да обезбеди подобри услови за целосна примена на овој принцип во практика, за заштита во случаите на дискриминација во рамки на своите надлежности, но и да делува превентивно со цел градење култура на еднаквост, недискриминација и прифаќање на разликите. Овој труд дава преглед на дел од активностите кои оваа институција ги спровела низ годините.

**Ixhet MEMETI**

## THE OMBUDSPERSON AND THE PROTECTION OF THE PRINCIPLE OF EQUALITY AND NONDISCRIMINATION

**Abstract**

Human rights are the foundation of democracy, a precondition for tolerance, but also an investment one makes for a better future, one in which all people will be able to live a life in dignity without discrimination and to realize their full potential. The principle of equality and nondiscrimination is a pillar principle and a core precondition for securing such future. Its norming and implementation in practice show how tolerant, sensitive and receptive to differences a society is, as well as how prepared it is to respond to the needs of every individual and to create conditions for equal respect, protection and fulfillment of the rights of all people regardless of their sex, gender, ethnic affiliation, age, disability or any other personal characteristic or status. Because of the fundamental importance of this principle, throughout the years of practice, the Ombudsperson has acted towards securing better conditions for full implementation of this principle, providing protection in discrimination cases within the frame of its legal competences but also towards preventive acting so as to build a culture of equality, nondiscrimination and acceptance of differences. This article gives an overview of the activities which this institution has implemented throughout the years.

**Библиографија**

International Coordinating Committee of National Institutions for the Promotion And Protection Of Human Rights, ICC SCA General Observations as adopted in Geneva in May 2013, http://nhri.ohchr.org/EN/AboutUs/ICCAccreditation/Documents/ICC%20SCA%20General%20Observations.pdf

International Coordinating Committee of National Institutions for the Promotion And Protection Of Human Rights - Report and Recommendations of the Session of the Sub-Committee on Accreditation (SCA) Geneva, 25 – 28 October 2011. http://nhri.ohchr.org/EN/AboutUs/ICCAccreditation/Documents/SCA%20REPORT%20OCTOBER%202011%20-%20FINAL%20(with%20annexes).pdf

Principles relating to the Status of National Institutions (The Paris Principles), General Assembly Resolution 48/134 of 20 December 1993

Веб-локација на Народниот правобранител: ombudsman.mk

Годишен извештај за работата на Народниот правобранител (2001 година)

Годишен извештај за работата на Народниот правобранител (2009 година)

Годишен извештај за работата на Народниот правобранител (2010 година)

Годишен извештај за работата на Народниот правобранител (2011 година)

Годишен извештај за работата на Народниот правобранител (2012 година)

Годишен извештај за работата на Народниот правобранител (2013 година)

Закон за народен правобранител, Службен весник на Република Македонија бр. 60/2003 и 114/2009

Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/2010, 53/2011, 185/11,44/12 и 15/2013

Закон за спречување и заштита од дискриминација „Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10 и 44/14

Извештај на Народниот правобранител за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето и протоколите кон конвенцијата 2000-2005 (октомври 2007 г.)

Информација за состојбата со вклученоста на децата со посебни потреби во основните и средните посебни училишта, Народен правобранител (2014 година)

Мислење на Народниот правобранител до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/documents/2013/Mislenje%20za%20Patoloshka%20bremenost%2027.02.2013%20Mkd.pdf

Мислење на Народниот правобранител по однос на универзалниот периодичен преглед (УПР) на Обединети нации за Република Македонија и степен на спроведени препораки до 2013 година. Достапно на: http://www.ombudsman.mk/upload/documents/2013/Mislenje%20UPP-ON-mk.pdf

Устав на Република Македонија (1991 година, и XXXII амандмани)